

**Покана за учество на NextBank Хакатон: BankAI!**

**Дали имаш идеи кои ќе го обликуваат идниот банкарски свет?**

**Дали сакаш да ги користиш своите вештини во вештачка интелигенција и да ги примениш за создавање на иновации во банкарството?**

**Придружи се на NextBank – дводневен хакатон на кој ти ќе бидеш двигател на иднината во банкарството!**

Можност за студентите на Економски факултет - Скопје и студентите од останатите факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј – Скопје" да се приклучат на NextBank Хакатон и да бидат дел од иднината на банкарството, користејќи ја вештачката интелигенција!

**NextBank: BankAI - Student-driven AI Innovation in Banking**
**Датум:** 16.06 – 20.06.2025
**Локација:** Економски факултет Скопје
**Зошто да учествуваш?**
• Развивање иновации за банкарскиот сектор користејќи AI.
• Работа во тимови со студенти од различни факултети, размена на идеи и креативни решенија.
• Трансформација на различни аспекти на банкарското работење: од подобрување на корисничкото искуство, пакет за млади до детектирање на измами и одржливи вложувања.
• Менторска поддршка од експерти во финансискиот и академскиот сектор.
**Како ќе изгледа процесот?**
• **Ден 1:** Воведни предавања и презентација на предизвиците, формирање на тимови и brainstorming сесии со ментори.
• **Ден 2:** Развивање на идеи, подготовка на финални презентации и нивно претставување пред комисија составена од банкарски експерти.
**Награди**
Натпреварувај се за:
- **1.000** евра за тимот кој ќе освои прво место
- **750** евра за тимот кој ќе освои второ место
- **500** евра за тимот кој ќе освои трето место
- Пристап за наградените до **Udemy learning** платформата до крајот на 2025 година
- Учество на **развојни обуки и тренинзи** во организација на Банката
- Можност за **продолжување на соработката** преку учество во други или слични проекти во банката, практична работа или кариерен почеток.

**Како да учествуваш?**
1. Пријави се како поединец (ќе бидете распределени во тим) или во тим од 3 до 5 студенти (студенти од различни факултети и дисциплини се охрабрени да се пријават).
2. Пријави се или пријави тим на nlbhackathon@nlb.mk најдоцна до **05.06.2025** година со достава на кратка предлог идеја за иновација во банкарството.
3. Размисли за иновативни AI решенија кои ќе ја трансформираат банкарската индустрија.

NLB Banka